## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ НА НР МАКЕДОНИЈА ОД 7. XII 1957 ДО 13. XII 1958

Минатогодишното собрание на ДМФ на НРМ пред новоизбраниот Управен одбор ги постави како најважни следните задачи:

1) Организационо зацврстување на Друштвото; при тоа да се воспостави потесна врска помеѓу Управата преку секциите со членството.

2) Со оглед на лошата положба на наставата по математика и физика, особено во осмогодишните школи по селата, Друштвото да си земе за грижа во границите на своите можности да помогне за поправување на постоеќата положба.

3) Потесна соработка со Советот за школство; соработката да се состои во давање на сугестии при изработка на плановите и програмите од математика и физика, а во врска со реформата на школството.

4) Популаризирање на математиката и физиката меѓу учениците од осмогодишните школи и гимназиите.

5) Да се продолжи и прошири праксата за набавка на наши и страни списанија и книги за потребите на членовите на Друштвото.

6) Проширување на издавачката дејност на Друштвото и поактивна соработка на членовитото во „Билтенот" на Друштвото и други списанија.

7) Да се прошират врските помеѓу нашето Друштво со другите Друштва на математичарите и физичарите од нашата земја како и со Сојузот на друштвата на математичарите и физичарите на ФНРЈ,.

8) По возможност да се организира колективна посета на членовите на Друштвото на Светската изложба во Брисел.

Воглавно работата на нашето Друштво во оваа година се одвиваше во рамките на гореспоменатите задачи.

Во врска со првиот задаток, наиме организационото зацврстнување на Друштвото, може веднаш да се рече дека се постигнало доста малку. Основната причина за тоа е прво што Управниот одбор не располага со точни податоци за бројната состојба на членовите, макар што се настојуваше до нив да се дојде, но без виден успех. Второ, Управниот одбор не успел да формира други секции, освен скопската, како ни да зачлени нови членови. Од извештаите на поранешните Управи се зебележува дека овој задаток се провлекува во низа години, а ниедна Управа. па ни последната, не успеа да го реши. Нескромно би било да се рече дека причината за запоставување на овој важен задаток е само од обективен карактер. Затоа овој задаток треба да се постави и на овогодишното собрание, но со искрена желба да биде еднаш решен. Управата на Друштвото одржуваше успешна врска само со скопската секција. Со оваа секција можеме дури и да се пофалиме, оти и покрај тешкотиите на кои наидуваше сепак таа успеа да во извештајниот период одржи три општи собира со членството, како и годишно собрание на кое беа разгледувани прашања од организационен карактер. Скопската секција одржа и пет стручно-методски предавања. Повремено на членовите им беа прикажувани повеќе наставни филмови со цел, наставниците да си изберат соответни филмови кои би ги прикажувале на учениците во своите школи.

Во заклучение по првата задача треба да се нагласи дека кругот на луѓето кои работат во непосреден контакт со Управниот одбор е многу мал, и дека се осеќа прилична пасивност особено кај помладите. Со оглед на значењето на Друштвото и перспективите за неговата работа неопходно се потребни нови

форми на работа, а тоа укажува на потребата за промена на некои веќе застарени правила на Друштвото.

Во врска со вториот задаток минатогодишното собрание му постави на Управниот одбор да преку Советот за школство ургира и сугерира за поправување на лошата положба во наставата по математика и физика во осмогодишните школи по селата. Но и покрај направените обиди, не се престигна ништо во таа смисла, бидејќи не можеше да се најдат погодни форми за работа.

Во врска со реформата на школството, од страна на Советот за просвета на НРМ неколку пати беа повикувани наши членови кои му дадоа извесни сугестии при изведувањето на плановите и програмите на реформираната школа.

Популаризирањето на нашите два предмета и оваа година се состоеше само во одржување на традиционалниот натпревар по физика за учениците од горните класови и натпревар по математика за учениците од осмогодишните школи. Одзивот за натпреварот по физика беше слаб, веројатно поради тоа (за кое се изјасниа и самите пријавени кандидати), што терминот 1 јуни за одржување на истиот не е згоден за учениците: прво заради тоа што е крај на школската година, а второ заради матурантите кои веќе се распуштени и се во екот на припремање само на матурските испити. Сметаме дека во иднина натпреварите треба да се закажуваат порано. Скопската секција го организира и го одржа II-от натпревар по математика за учениците од XIII-те одделенија на акопските осмогодишни школи. На натпреварот се јави доволен број ученици (50), па Управата на секцијата смета идната година да одржи трет ваков натпревар и тој да стане традиционален. Исто така и Советот за школство на Кумановската околија организира во некои општини натпревари по математика за учениците од XIII-те одделенија.

Во врска со петиот задаток се продолжи со праксата за набавка на наши и страни стручни книги и списанија за потребите на членовите, а со цел да им се олесни и помогне во секидневната работа. Исто така Друштвото набави голем број прирачници за потребите на студентите по математика. За библиотеката на Друштвото набавени се поголем број на наши и странски книги и списанија, кои се користат од членовите за подготвување на стручните испити како и за усовршување.

Друштвото ја разгледуваше можноста за издавање на методско стручна литература или на брошури со чланци од таков карактер, но поради финансиски потешкотии ништо не се постигна ни во таа смисла.

Никакво подобрување не се осети во соработката со другите републички Друштва како и со Сојузот на друштвата. Таа соработка остана како и досега во взаимно испраќање на записниците од седниците на Управните одбори и записниците од годишните собранија.

Друштвото не успеа да организира колективна посета на светската изложба во Брисел.